# Драги наши идни студенти!

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, во рамките на настанот „Отворен ден на УКИМ“, на 18 август 2021 г. од 10:00 до 12:00 часот организира „Отворен ден на Педагошкиот факултет“, кој ќе се одржи онлајн преку платформата Microsoft Teams.



На овој настан ќе бидат презентирани студиските програми, активностите на студентите, научноистражувачките проекти и други активности на Факултетот. Отворениот ден е можност да ги запознаете професорите и студентите одблизу, да прашате сѐ што ве интересира за студиските програми и за условите за студирање. Слушнете ги и искуствата на нашите студенти, нивните активности и вклученоста во научноистражувачките проекти, студентскиот живот, практиката во училиштата, градинките и библиотеките, можностите за вработување.
Студирајте на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје и станете одделенски наставник, воспитувач или библиотекар.

Линкот за пристап до видеоконференциската сесија се наоѓа на 🔗.

Со почит,

**Педагошки факултет - Скопје**